Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Правен факултет
Штип, Република Македонија

ЧЕТВРТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

**Штип, 2017**

Fourth International Scientific Conference: SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD © 2017 Copyright Goce Delcev University in Shtip, Republic of Macedonia. Address: Goce Delcev University, Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Misirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. Macedonia. www.ugd.edu.mk;

**Печати / Print 2-ри Август-Штип / 2- ri Avgust- Shtip**
**Уредник: Елена Максимова**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

3(082)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција Општествените промени во глобалниот свет (4 ; Штип)

Општествените промени во глобалниот свет : зборник на трудови / Четврта меѓународна научна конференција = Social change in the global world : proceedings / 4 th international scientific conference = Социальные изменения в глобальном мире : сборник материалов / Четвертый международная научная конференция. - Штип : Универзитет Гоце Делчев = Shtip = Goce Delcev University = Штип = Университет Гоце Делчева, 2017. - [1210] стр. : табели ; 25 см

Трудови на мак., англ. и рус. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-423-9

а) Општествени науки - Зборници
COBISS.MK-ID 103854858

Goce Delcev University in Shtip, Faculty of Law
Shtip, Republic of Macedonia

FOURTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE



# SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD

PROCEEDINGS

**Shtip, 2017**

Университет им. Гоце Делчева, Юридический факультет
Штип, Республика Македония

ЧЕТВЕРТЫЙ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ



# СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ

**Штип, 2017**

## Организациски комитет / Organizational Committee/ Организационный комитет конференции

Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University "Goce Delcev"- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk
Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
Marija Ampovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, marija.radevska@ugd.edu.mk
Elena Maksimova, LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, elena.ivanova@ugd.edu.mk

## Програмски комитет / Program Committee / Программный комитет конференции

Adoyi Onoja PhD, Nassarawa State University, Keffi, Nigeria, onojaa@yahoo.com
Afet Mamuti PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, afet.mamuti@unite.edu.mk
Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk
Agor Sarkisyan PhD, University of Svishtov, Bulgaria, agop@uni-svishtov.bg
Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org
Altin Shegani PhD, Faculty of Law, University of Tirana, Albania, altin_shegani@yahoo.com
Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk
Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be
Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk
Bekim Beliqi PhD, University of Prishtina, Department of Political Science, Kosovo, bekim.baliqi@gmail.com
Belul Beqaj PhD, University of Business and Technology, Department of Political Science, Prishtina, Kosovo, belul.beqaj@gmail.com
Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk
Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru
Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com
Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com

Haluk Aydin PhD, Faculty of Arts and Sciences, Balıkesir University, Balıkesi, Turkey, aydinhaluk@hotmail.com
Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk
Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr
Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk
Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk
James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com
Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University "Goce Delcev"- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk
Jusuf Zejneli PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, jusuf.zejneli@unite.edu.mk
Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl
Marieta Olaru PhD, Doctoral School in Business Administration, Research Center for Business Administration, Department of Business, Consumer Sciences and Quality Management, The Bucharest University of Economic Studies, Romania, olaru.marieta@gmail.com
Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs
Marina Valentinovna Sencova (Karaseva) PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, smv@law.vsu.ru
Mato Brautović PhD, University of Dubrovnik, Croatia, mbraut@unidu.hr
Migena Leskoviku PhD, Law Faculty, European University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com
Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru
Naser Ademi PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia , dr.naserademi@gmail.com
Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be
Olga Koshevaliska PhD, University "Goce Delcev"- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk
Patrick Wautelet PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, patrick.wautelet@ulg.ac.be
Recai Aydin PhD, Associate Professor, Vice Rector of International University of Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, raydin77027@yahoo.com
Ruzica Simic Banovic, PhD in Economics, Senior Assistant - Lecturer, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr

Senada Sabic Selo PhD, Institute for International Relations, Zagreb, Croatia, senada@irmo.hr
Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, Socio-Human Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com
Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk
Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs
Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk
Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, suzana.dzamtoska@ugd.edu.mk
Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr
Tatjana Petrovna Suspicina PhD, Moscow Law Academy, Moscow, Russia
Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr
Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru
Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be
Zoran Tomic PhD, University of Mostar, Bosnia and Herzegovina, zoran.tomic@sve-mo.ba

*Содржина*

**LAW**............................................................................................................................9
Александра Ангеловска
**РОДОСКВЕРНАВЕЊЕТО КАКО ОБЛИК НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО ВРЗ ДЕЦА – ОПШТЕСТВЕНА И КАЗНЕНО-ПРАВНА РЕАКЦИЈА** ................11
Борка Тушевска
**ОДГОВОРНОСТА НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК СПОРЕД МАКЕДОНСКОТО ПРАВО**............................................................................27
Војо Беловски, Андон Мајхошев
**ЕВРОПСКОТО ТРУДОВО ПРАВО И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА** .............................47
Василка Салевска-Трајкова
**СОЗДАВАЊЕТО НА ЕВРОПСКОТО УСТАВНО ПРАВО НИЗ ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА** ........................................................................75
Весна Стефановска, Богданчо Гогов
**СОЦИЈАЛНО ИСКЛУЧУВАЊЕ: ПРЕД И ПО КРИМИНАЛОТ**......................101
Vesna Stojanovic, Strahinja Miljkovic
**CHANGES IN SOCIAL INSURANCE WITHIN DISABILITY INSURANCE ON INTERNATIONAL PLAN AND SOCIAL LAW OF THE REPUBLIC OF SERBIA** .....................................................................................................................119
Višnja Lachner
**LEGAL – HISTORICAL ASPECTS OF CRIMINAL REGULATION OF ACTIVE BRIBERY AND CORRUPTION IN STATUTORY LAW OF THE MEDIEVAL DALMATIAN MUNICIPALITIES** ............................................................................135
Дарко Јанкуловски
**КОДЕКС ЗА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА НА АДВОКАТИТЕ, АДВОКАТСКИТЕ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ И АДВОКАТСКИТЕ ПРИПРАВНИЦИ НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**.........................................................................................149
Диана Бошковска, Наташа Данилоска,Билјана Ангелова,Татјана Петковска Мирчевска
**ВЛИЈАНИЕТО НА ФИНАНСИСКАТА КРИЗА ОД 2008 ГОДИНА ВРЗ ПРОМЕТОТ НА МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** ..163
Димитар Апасиев, Елена Максимова
**СУДЕЊЕТО НА ВЕШТЕРКИТЕ ВО РИМСКОТО И ВО СРЕДНОВЕКОВНОТО ПРАВО** ...................................................................177
Dubravka Akšamović, Lidija Šimunović
**CROSS-BORDER INSOLVENCY PROCEEDINGS: MAIN AND SECONDARY INSOLVENCY PROCEEDINGS UNDER THE NEW EU INSOLVENCY REGULATION**........................................................................................195
Zaneta Poposka

**SEGREGATION OF ROMA IN SCHOOLS FOR PERSONS WITH DISABILITIES – CASE LAW OF THE EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS** .................... 213

Жарко Димитриевич
**КЛАУЗУЛА О ПХБ КАК ОБЯЗАТЕЛЬНЫЙ ЭЛЕМЕНТ ДОГОВОРА НА ПРОВЕДЕНИЕРЕМОНТНЫХ РАБОТНА ОБЪЕКТАХЭЛЕКТРОЭНЕРГЕТИКИ – ПОДСТАНЦИЯХ И ИХ БЛОКАХ ПИТАНИЯ** .......... 227

Zeynep Ece Unsal, Ivica Simonovski
**"OPEN DOOR" VS "BACK DOOR" POLICY: LESSONS FOR TURKEY IN THE SCOPE OF TERRORISM, MIGRATION AND BORDER SECURITY** ................. 241

Ivica Josifovic
**EUROPEAN UNION'S CROSS-BORDER COOPERATION IN EXCHANGING AND PROCESSING DIGITAL EVIDENCE** .......... 261

Игор Камбовски
**РАЗВОЈ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА ТРГОВИЈА** .......... 277

Ice Ilijevski, Zlate Dimovski, Kire Babanoski, Aleksandar Georgiev
**SMUGGLING OF MIGRANTS DURING REFUGEE CRISES** .......... 291

Jelena Kasap
**HISTORICAL- LEGAL BASIS OF REGULATION OF THE LIABILITY FOR DAMAGE CAUSED BY ANIMALS** .......... 303

Јован Андоновски, Љубиша Стефаноски
**ПРАВО НА ПОСВОЕНИТЕ ДЕЦА ДА ГО ЗНААТ СВОЕТО БИОЛОШКО ПОТЕКЛО И ИДЕНТИТЕТОТ НА СВОИТЕ РОДИТЕЛИ** .......... 325

Katerina Klimoska
**EUROPEAN DIGITAL SINGLE MARKET AN OPEN DOOR FOR THE FOURTH INDUSTRIAL REVOLUTION** .......... 339

Кристина Мишева, Самир Латиф
**ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ** .......... 351

Лазар Нанев, Олга Кошевалиска, Елена Максимовска
**ПРИТВОР ВО ПОСТАПКАТА СПРЕМА ДЕЦА** .......... 367

Ленче Коцевска, Јован Ананиев
**ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ЈУГО- ИСТОЧНА ЕВРОПА: СТАНДАРДИ И ПЕРСПЕКТИВИ** .......... 383

Ljupcho Petkukjeski, Marko Andonov, Zoran Mihajloski, Kristina Misheva
**EMPLOYEES' PARTICIPATION IN THE MANAGEMENT AND DECISION MAKING IN PUBLIC ENTERPRISES AND INSTITUTIONS – THE CASE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA** .......... 401

Maja Nastić
**THE EUROPEAN COURT FOR HUMAN RIGHTS AND NATIONAL CONSTITUTIONAL COURTS-THE RELATIONSHIP OF CONFLICT OR RELATIONSHIP OF COOPERATION** .......... 421

Мария Липчанская Александровна, Куликова Светлана Анатольвена
**СВОБОДА СЛОВА КАК ФОРМА ВЫРАЖЕНИЯ КОНСТИТУЦИОННОГО КОНСТРУКТИВНОГО ПРОТЕСТА** ........ 435
Марија Амповска
**СИСТЕМ НА ДОБРОВОЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ПРЕДНОСТИ И СЛАБОСТИ** ........ 459
Marko Dimitrijević
**THE INFLUENCE OF THE NEW MODEL OF ECONOMIC GOVERNANCE ON SHAPING EUROPEAN MONETARY LAW** ........ 473
Методија Ангелески, Самир Салиевски
**ЗАСТАПЕНОСТ НА КРИМИНАЛИСТИКАТА НА ПРАВНИТЕ ФАКУЛТЕТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ 489
Милена Апостоловска-Степаноска
**ЕВРОПСКОТО ДРЖАВЈАНСТВО И СУДОТ НА ПРАВДАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА** ........ 505
Mirjana Sredojević
**CRIMINAL LAW SESSION DOMESTIC VIOLENCE AND THE MEDIA** ........ 519
Natalia Butusova
**КОНСТРУКТИВНОЕ ПОЛИТИЧЕСКОЕ УЧАСТИЕ ГРАЖДАН КАК ГАРАНТИЯ ИХ КОНСТИТУЦИОННЫХ ПРАВ** ........ 537
Neli Georgieva Radeva
**TRANSPOSITION OF BYZANTINE LAW IN SLAVIC LEGISLATION** ........ 561
Nerma Čolaković-Prguda
**INSTITUTIONS OF GLOBAL ECONOMY AND ECONOMIC CRISIS OF 2008** 573
Новак Крстић
**ДОГОВОРОТ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕ ВО ИДНИТЕ ГРАЃАНСКИ КОДИФИКАЦИИ НА СРБИЈА И МАКЕДОНИЈА – ПОГЛЕД НА РАБОТНИТЕ ТЕКСТОВИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ЗАКОНИЦИ** ........ 585
Nora Osmani
**THE RIGHT TO BE FORGOTTEN IN THE DIGITAL AGE** ........ 605
Олга Кошевалиска, Лидија Давкова
**ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ДРУГИ ПРИНОСИ ОД КАЗНИВО ДЕЛО ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО** ........ 619
Ольга Рогачева
**НАДЛЕЖАЩЕЕ ПУБЛИЧНОЕ УПРАВЛЕНИЕ – НЕОБХОДИМАЯ И ВАЖНАЯ ЗАДАЧА РАЗВИТИЯ АДМИНИСТРАТИВНОГО ПРОЦЕДУРНОГО ПРАВА В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ** ........ 637
Петар Поп-Арсов
**ЗНАЧЕЊЕТО НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ВО ПРЕВЕНЦИЈАТА И ЗАШТИТАТА ОД**

**ДЕВИЈАНТНИ ПОЈАВИ НА ИНТЕРНЕТОТ КАКО ПЛАТФОРМА ПРЕКУ КОЈА СЕ ОДВИВАА ГЛОБАЛНИ ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ** ...................657
Ристо Илиоски, Марија Амповска
**ОСОБИНИ И ДЕЈСТВО НА СТЕКНУВАЊЕТО БЕЗ ОСНОВА**.......................675
Sasa Knezevic, Ivan Ilic, Darko Dimovski
**FORCED STERILIZATION – A CRITICAL REVIEW OF THE ECtHR PRACTICE**.......................................................................................................691
Suzana Dimić
**SERBIAN PERSONAL INCOME TAX IN ENVIRONMENT OF GLOBALIZATION CHANGES** .....................................................................709
Suzana Nashkova
**METHODS OF DETERMINATION AND PAYMENT OF THE COMPENSATION FOR KNOW-HOW AGREEMENTS: IMPLEMENTED SOLUTIONS FROM THE ASPECT OF THE MACEDONIAN LEGISLATION**...............................................721
Татьяна Сафронова
**ИНСТИТУТ ВЛАДЕНИЯ В ЗАКОНОДАТЕЛЬСТВЕ РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ: СОВРЕМЕННОЕ СОСТОЯНИЕ И ПЕРСПЕКТИВЫ РЕФОРМИРОВАНИЯ** .....................................................................739
Tina Miletić
**CRIMINAL PROCEDURAL PRINCIPLES IN ROMAN LAW AND AUTONOMOUS COMMUNITIES IN MEDIEVAL DALMATIA** ..........................757
Helga Špadina
**EMPLOYMENT AND LABOUR RIGHTS FOR PERSONS UNDER INTERNATIONAL PROTECTION IN REPUBLIC OF CROATIA**.......................773
Hristina Runceva Tasev
**THE THREAT OF CONTEMPORARY EUROPE: POPULISM AND EUROSCEPTICISM** .....................................................................785
Xhemail Limani
**МОБИНГ ПСИХИЧКО НАСИЛСТВО НА РАБОТНОТО МЕСТО**................805

**POLITICS**.......................................................................................................819
Alexandra Glukhova
**СОВРЕМЕННЫЙ ПОПУЛИЗМ КАК ВЫЗОВ ЛИБЕРАЛЬНОЙ ДЕМОКРАТИИ** .....................................................................821
Билјана Цветановска Гугоска, Марија Караева, Весна Гоцева
**ГЛОБАЛИЗАЦИЈА VS. РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА; ВАЖНОСТА ОД ЕФИКАСНИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО КОНТЕКСТ НА ГЛОБАЛИЗИРАНИОТ ЕКОНОМСКИ СИСТЕМ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** .....................................................................839
Victoria Chernikova
**POLITICAL SYMBOLS AND REGIONAL IDENTITY IN RUSSIA** .....................857
Дејан Маролов, Страшко Стојановски

**ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР НАСПРОТИ ТИРАНА ПЛАТФОРМА** ....................................................................................................................865
Iskren Ivanov
**GEOPOLITICS OF RUSSIAN ORTHODOXY AS AN INSTRUMENT IN THE HYBRID WAR ON THE BALKANS** ....................................................................887
Јован Ананиев
**КОНЦЕПЦИСКИ АСПЕКТИ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА ПОЛИТИКИТЕ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ** ....................................................................................................................899
Никола Амбарков
**ВАЖНОСТА НА ВЕТОТО КАКО КОЧНИЦА НА ВОЛЈАТА НА ЗАКОНОДАВЕЦОТ И ЕФЕКТИВНИ СРЕТСТВО ЗА ЗАШТИТА НА ВИТАЛНИТЕ НАЦИОНАЛНИ ИНТЕРЕСИ НА КОЛЕКТИВНИТЕ ИДЕНТИТЕТИ ВО ЗЕМЈИТЕ НА КОНСОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА** ........917
Николай Баранов
**ВЛИЯНИЕ СЕКЬЮРИТИЗАЦИИ НА ПОЛИТИКУ СОВРЕМЕННОГО ГОСУДАРСТВА: ИНФОРМАЦИОННЫЙ АСПЕКТ** ..........................................933
Ольга Попова
**ЭЛЕКТРОННАЯ СИСТЕМА ГОЛОСОВАНИЯ: ПРАКТИКИ, ПОЛИТИЧЕСКИЕ ЭФФЕКТЫ И РИСКИ** ..........................................................949
Olga Sidenko
**META-GOVERNANCE: PROBLEMS AND PROSPECTS** ....................................967
Роман Савенков
**ОБЩЕЕ И ОСОБЕННОЕ В КОНЦЕПТУАЛЬНЫХ ПОДХОДАХ К АНАЛИЗУ ПОЛИТИЧЕСКОЙ ОППОЗИЦИИ В РОССИЙСКОЙ И ЗАРУБЕЖНОЙ ПОЛИТИЧЕСКОЙ НАУКЕ** ........................................................................983
Sulejman Muca
**INFLUENCE OF POLITICAL PARTIES IN THE PROCESS OF DEMOCRATIZATION** ............................................................................1005

**SOCIETY** ......................................................................................................1017
Анита Димитријовска-Јанкуловска
**ЗАПАДНОТО ОПШТЕСТВО-ГОРДОСТ ИЛИ ПРЕДРАСУДА?** .....................1019
Васко Шутаров
**ЖИВЕЕЈЌИ НА РАБОТ ПОМЕЃУ КУЛТУРИТЕ И ПОВЕЌЕСЛОЈНИТЕ ОПШТЕСТВА** ..........................................................................................1029
Dobrinka Chankova
**LAW AND CUSTOM AS SOCIAL REGULATORS: HISTORICAL ASPECTS AND MODERN DIMENSIONS** ...............................1045
Драган Стефановски

**ПРОЦЕСОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, ПОСТСОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ГРАД И РЕЗИДЕНЦИЈАЛНАТА СЕГРЕГАЦИЈА** ........ 1055
Драгана Лазаревска
**АНАЛИЗА НА СИСТЕМОТ НА ЗАШТИТА НА СЕМЕЈСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ 1073
Ирена Авировиќ
**ДАЛИ ПРЕДБРАЧНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ГО ПОДОБРУВААТ БРАКОТ? ПОГЛЕД КОН СЕМЕЈНАТА ДИНАМИКА ВО МАКЕДОНИЈА** ........ 1099
Јадранка Денкова, Панде Лазаревски, Бранка Денкова
**МЕМОРИРАЊЕТО НА ЗНАЕЊЕТО ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ОСНОВА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ВО РМ)** ........ 1115
Македонка Радуловиќ
**НОВИТЕ СЕМЕЈНИ ВРЕДНОСТИ** ........ 1129
Милица Денковска
**ФАКТОРИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ТУЃОСТА ВО ПАТОПИСНАТА КНИЖЕВНОСТ** ........ 1147
Slavko Sasajkovski, Ljubica Micanovska
**KEYNESIANISM vs. NEOLIBERALISM – SEVERAL POLITICAL – ECONOMIC REFLECTIONS** ........ 1157
Трајче Стојанов
**НОВИОТ АТЕИЗАМ КАКО НЕОЛИБЕРАЛНО ИМПЕРИЈАЛИСТИЧКО ОРУДИЕ** ........ 1171

**MEDIA AND COMUNICATION** ........ 1183
Андон Мајхошев, Сузана Џамтовска-Здравковска
**САМОРЕГУЛАЦИЈА НА МЕДИУМИТЕ-КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА** ........ 1185
Daria Shcheglova
**СОЦИАЛЬНО-ЭТИЧЕСКИЙ МАРКЕТИНГ: ЛЕГИТИМАЦИЯ ЛОКАЛЬНЫХ ВЛАСТЕЙ В ЭПОХУ ПОСТ-ПРАВДЫ** ........ 1199
Драгана Кузмановска, Снежана Кирова, Биљана Иванова
**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ МЕДИУМИ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ** ........ 1213
Marija Drakulovska Cukalevska, Anica Dragovic
**THE ROLE OF GLOBALIZATION AND MEDIA IN MODERN SOCIETY** ........ 1223
Наташа Данилоска, Снежана Костадиноска-Милошеска, Диана Бошковска
**НОВА СТРАТЕШКА ПЕРСПЕКТИВА НА ПРЕТПРИСТАПНАТА ПОМОШ НА ЕУ-ИПА 2** ........ 1235
Nikola Vangelov
**CULTURAL ARCHETYPES IN FACEBOOK COMMUNICATION** ........ 1253
Plamen Atanasov

**ONLINE VS. TRADITIONAL MEDIA IN THE COMMUNICATION OF YOUNG EDUCATED PEOPLE**......................................................................................1267
Страшко Стојановски, Јадранка Денкова
**МЕДИУМИТЕ И МЕДИУМСКОТО ИНФОРМИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛИТИЧКАТА МОБИЛИЗАЦИЈА ВРЗ СИСТЕМОТ НА ЈАВНОТО МЕДИУМСКО ИНФОРМИРАЊЕ** ..........................................................................................1281

# НОВИОТ АТЕИЗАМ КАКО НЕОЛИБЕРАЛНО ИМПЕРИЈАЛИСТИЧКО ОРУДИЕ

**Трајче Стојанов**

доцент

Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

e-mail: trajce.stojanov@ugd.edu.mk

# NEW ATHEISM AS NEOLIBERAL IMPERIALISTIC TOOL

**Trajce Stojanov**

Assistant professor

Faculty of Educational Sciences, Goce Delchev University - Shtip

**Abstract**

This paper is critical analysis of the movement called New atheism represented by C. Hitchens, S. Harris, R. Dowkins and D. Dennett. The main hypothesis in the paper is that their political implications derived from scientific propositions in best case are inconsistent and in worst are simply false. And even more, we presume that these implications are nothing more than mere ideological tool of neoliberalism and western hegemony and their imperialism. This ideological tool is especially directed toward Islam, and Islamic fundamentalism, and it is supportive of the suspicious thesis of „clash of civilizations.“ What is more worrying is that this kind of modern atheism, embodied in the movement of New Atheism is advocated by the Right wing politics, rather than the Left what was the case in the past, ant that’s why this kind of new atheism is becoming far more militant than the past atheism, represented by the Left parties.

***Keywords:*** *New Atheism, Atheism, Religion, Politics, Islam, Christianity, Science, Marxism*

**Вовед**

Не толку одамна, многу малку или скоро воопшто не се зборуваше за догматизмот на денешната наука. Поточно, за догматските и - чудно и контрадикторно за науката - конзервативни импликации кои истата ги произведува, охрабрена од нејзините практично-употребливи и оперативно-функционални достигнувања. Супериорноста на научните достигнувања им ги затнуваше устите на сите скептици за да можат да оспорат било каков став суверено изречен од авторитетот на науката. Но, во мигот кога таа почна да се „плетка“ надвор од нејзиниот референтен систем и своите импликации да ги проширува на тоталитетот (да станува философија!?), алармот се вклучи; особено заради тоа што ваквите импликации на науката, неретко почнаа да се аплицираат на актуелни настани во меѓународната политика (посебно на анализа на состојбите во исламскиот свет).

Токму овие димензии на научната логика ќе бидат предмет на критичка опсервација во овој труд, поточно импликациите од едно актуелно и популарно движење кое се нарекува Нов атеизам. Прво, ќе се критикува нивниот обид од научната интерпретација на религиозниот феномен да се изведе атеизмот; понатаму ќе се критикува нивната погрешна претпоставка за теизмот како незнаење, од што тие погрешно заклучуваат дека атеизмот е нужен резултат на знаењето; и конечно, ќе се укаже на фактот дека социо-политичките импликации кои научниците од Новиот атеизам ги изведуваат од претходните ставови, се исто толку, ако не и пофундаменталистички, дури и од најрадикалниот религиозен фундаментализам кој самите го критикуваат; во резултат, контроверзата да биде поголема, тие го врза својот атеизам за десничарските политички идеи (наместо, како што скоро отсекогаш било, а во извесна смисла и така е „поприродно“), за левичарските. Со тоа, атеизмот на науката се конзервира и уште повеќе, се промовира во нова религија, целосно ставајќи се во служба на неолибералната идеологија, на неоколонијализмот и империјализмот. Затоа ќе побараме враќање на атеизмот таму каде што „му е местото“ – во таборот на левицата.

**Четирите јавачи на атеизмот**

Најпрвин да видиме што нуди тој Нов атеизам и кои се основните негови претпоставки. Новиот атеизам како движење од почетокот на новиов милениум е посебно популарен феномен. Негови главни претставници се т.н. „четворицата јавачи на атеизмот“: двајца природо-научници: биологот, **Ричард Докинс**, неурологот, **Сем Харис**, но и еден жесток медиумски промотор – новинарот, **Кристофер Хиченс** и се разбира, секогаш и секаде и еден философ: **Даниел Денет**. Во ликот и делото на овие „јавачи“ прво што јасно паѓа во очи е една од тезите што ќе се застапува овде: **дека атеизмот - од просветлувачки, ослободувачки, прогресивен – прерасна во догматски, заглупувачки и за**

**чудо конзервативен, благодарение токму на овој нов, „научно втемелен" атеизам**. И следствено, од тоа ќе никне одговорот на прашањето: како науката - како денешна инспирација на атеизмот - стана само алатка за одбрана на неолибералните импералијалистички и неоколонијални интереси!?

Ова ново движење е ново само делумно во неговата содржина, инаку, во суштина тоа само го ревитализира „конфликтот" помеѓу науката и религијата, кој се јавува во ваква јасна и интензивна форма уште во XIX век. Особено тогаш, под инспирација на позитивизмот на О. Конт и неговата „религија на човештвото" се појавуваат силни движења против религијата. Џорџ Јакоб Холиоуг тогаш ќе го скова терминот „секуларизам", формирајќи го „Секуларното друштво" во Лондон. И тогаш, науката во полет како и денеска, веруваше дека „ќе го спаси светот" и дека единствена кочница за тоа е религијата. Дека овој став на науката е претерување ќе покаже дури и само површно истражување на историјата на науката, кое ќе потврди дека не само што религијата најчесто не го кочела научниот напредок, туку и дека истиот се случувал **во рамките** на религијата и дека голем дел од научниците, не само што самите биле религиозни, туку биле и дел од свештенството. Но, тоа не е предмет на интерес на овој труд[1]. Го споменуваме, само како укажување на уште една предрасуда на Новиот атеизам од која тој ја црпи својата инспирација за конфронтација со религијата. Она што на почетокот нè интересира, пред да се задржиме на политичките импликации, е да ја видиме инхерентната недоследност на новиот атеизам. За да го сториме тоа, потребно е секако да ги видиме основните назнаки на ова движење. Затоа сосема накратко ќе се задржиме на неколку основни идеи промовирани од претставниците на ова движење.

### Философски контекст

Без претензии во овој мал простор да дадеме сеопфатен преглед и критика на основните идеи на преставниците на новиот атеизам, ќе се обидеме да синтетизираме неколку основни тези кои би можеле да кажеме дека се заеднички за сите претставници на ова движење. Затоа, овој дел попрво е

[1] За подетално запознавање со оваа теза види - Numbers, Ronald and L. Kampourakis, Kostas, ed. (2015) *Newton's Apple and Other Myths about Science*. Massachusetts/London: Harvard University Press – каде меѓу другите, се „разбива "и овој „мит"; и тоа посебно во првиот есеј на Michael, H., Shank, „*Myth 1: That there Was No Scientific Activity Between Greek Antiquity and the Scientific Revolution*" и 24-от, есеј на Peter Harrison, „*Myth 24: That Religion Typically Impeded the Progress of Science*"

исцртување на философскиот контекст на движењето, отколку детално проследување на нивните научни и емпириски ставови за верата и религијата.[2] Целиот контекст на идејните импликации од Новиот атеизам може да се лоцира токму во погоре споменатата позитивистичка философска култура, која видовме, влече корени уште од XIX-от век. Во случајот со Новиот атеизам, конкретно, може да се каже дека тој е вкоренет во современите пројави на таквата култура, артикулирани во аналитичката философија, особено во аналитичката философија на американско тло, промовирана од мислители како Крипке и Квајн. Овие мислители со својот **сциентизам** (како што го нарекува Хаберманс, или уште „радикален натурализам“)[3], т.е. натурализам (со сите варијации што ги застапуваат претставниците на ова движење – онтолошки натурализам и метафилософски кој од своја страна, пак може да се подели на емпириска и експериментална философија и т.н.), ги приближуваат философијата и науката до нераспознавање.

Сумарно, основните позиции на новиот атеизам би можеле да ги сведеме на следниве:

1. Религијата е феномен кој може да се проучува (исклучиво) со алатките на природните, емпириските науки
2. Како резултат на таквото проучување таа се појавува како своевиден еволуциски продукт (Докинс), кој ја одиграл својата еволутивна улога
3. Во резултат, денеска религијата не само што не е потребна, туку е и опасна

Во продолжение ќе се обидеме да се осврнеме накратко на некои од импликациите од овие првични претпоставки на новиот атеизам.

Емпиријата, поточно само емпириската наука е единствениот изор на познание и знаење – вака би можеле да ја поедноставиме почетната позиција на оваа философија. Ако емпиријата е единствениот извор на знаење, тогаш религијата и верата можат да се прифатат единствено ако понудат емпириски доказ. Не само што таков доказ нема, туку – сметаат тие – науката дури нуди и спротивни „докази“ дека „веројатно“ Бог не постои (!?). И од ваквиот „доказ“ тргнува целата приказна.

Оттука - со оглед на тоа што инспирацијата доаѓа директно од емпириската наука - тие не само што ја земаат науката за единствен извор на знаењето, туку сметаат и дека таа може да биде алтернатива на религијата. На пример, дека е

[2] Детална анализа на ставовите на Новиот атеизам е предвидена во следниот труд на оваа тема кој е во подготовка.
[3] Habermas, Jürgen (2008) *Between Naturalism and Religion*, Malden, MA: Polity

можно да се живее задоволувачки, достоен и морално исправен човечки живот на основа на научните откритија и без религијата.

Во ваква философска култура можат да се врамат и почетните философски инспирации на претставниците на Новиот атеизам. Токму тоа им дава „за право“ од позициите на емпириската наука: прво – не само да го истражуваат религиозниот феномен во референтниот систем на емпириската наука, туку второ – дури и да го потврдат или негираат постоењето на Бога токму со сретствата и методите на емпириската наука. Така првата „магија“ што сака да ја разбие Даниел Денет во неговата книга „Breaking the Spell: Religion as a Natural Phenomenon“ е токму тоа – да се дозволи емпириско, научно испитување на религијата: „Магијата што велам дека мора да биде скршена е табуто против искреното, научното и со ништо забранетото истражување на религијата како еден природен феномен помеѓу многуте“ (Dennett 2006: 17). Докинс, пак дури е скоро и уверен дека не само што Бог може да се истражува со алатките на емпириската наука и дека несомнено дека „тоа е научно прашање“ – туку дека и „еден ден може и ќе го знаеме одговорот, а во меѓувреме можеме да кажеме нешто прилично силно за веројатноста“ (Dawkins 2006: 48).

Веќе и од ова до сега може да се насети дека целата теориска позадина од која исходуваат претставниците на Новиот атеизам е всушност длабоко метафизичка, наспроти анимозитетот кон метафизиката и метафизичките пропозиции, наспроти целата позитивистичка култура во која се вкоренети. Имено, веќе првата претпоставка дека не постои никаква надприродна или божествена реалност и дека сета стварност се исцрпува во емпириското, е сама по себе метафизичка претпоставка. Оти во најмала рака, таа не го задоволува критериумот да може да биде подложна на емпириска проверка.

Впрочем, може да се каже дека трите претпоставки од кои поаѓаат претставниците на ова движење, самите не се емпириски:

1. Метафизичка претпоставка: не постои никаква натприродна реалност
2. Епистемолошка: религиозната верба е ирационална
3. Морална: моралноста е заснована на универзален, објективен и секуларен морален стандард

Пропозициите „за“ и „против“ верата не се емпириски пропозиции. Нивната епистемолошка претпоставка – дека религиозната вера е ирационална – ја надминува нивната емпириска референтна рамка и со самото тоа ја исклучува од секаква можност за емпириско истражување. Имено, ако верата е ирационална, како може да се истражува и објасни со рационалните алатки на науката? И третата нивна претпоставка не само што не е емпириска, туку

дополнително е и опасна: постои можност за објективен, универзален и секуларен морал, независен од религијата. Веројатно таква можност несомнено постои, но импликацијата која се надоврзвува на ова ја крие споменатата опасност – имено, тие инсистираат на, слободно може да се каже, **искоренување на религиозната моралност**, затоа што сметаат дека всушност религиозноста носи аморалност. А повеќе од очигледно е дека овде се прави грешката non sequitur, т.е. од фактот што е можен нерелигиозен морал, не следува дека религиознота носи аморал.

Во овој контекст решението се гледа во следново - Сем Харис, на линија на Бентамовата етика, смета дека доволен критериум за оценка на моралноста е среќата, задоволството и несреќата, незадоволството, т.е. страдањето на себе си и на другите. „Ако сме во позиција да влијаеме на среќата или страдањето на другите, тогаш ние имаме етички одговорности“ (Harris 2005: 171), и тоа е доволна основа да се заснова моралноста. При тоа, тој е свесен за една од недоследностите на секуларната моралност - да доведе до етички релативизам - и тврди дека сепак таквиот морал не мора да биде релативен. Тие веруваат дека е можен универзален морал, надвор од религиозноста. Но тука лежи и опасноста. Не во тоа што е можен морал надвор од религијата, туку што таквиот, во суштина, **анти-религиозен** морал кои го заговараат сакаат да го универзализираат и апсолутизираат. На ова ќе се навратиме дополнително, кога ќе говориме за политичките импликации на Новиот атеизам, во оваа прилика нека биде ова доволно.

**Политички импликации**

Пред да видиме кои се денес импликациите од овој нов атеизам, да видиме што пред тоа значеше атеизмот. Атеизмот, оној од просветителството и по него, беше прогресивна сила, иако ни од далеку ги немаше „аргументите“ на денешната наука за да го поткрепи тврдењето за својот атеизам. Но, дури и таков - „ненаучен“, овој атеизам беше радикално демократски, прогресивен и предводник на процесите на секуларизација што во голема мера го овозможија напредокот. При тоа, ваквите атеистички движења скоро секогаш беа врзани за левицата. Денеска многу често атеистите ги имате во круговите на десницата – Кристофер Хиченс, на пример, чудно „созреа“ - од марксист (дури и краен левичар) во неоконзервативец. Па така, Тери Иглтон во книгата Reason, Faith and Revolution: Reflections on the God Debate, убаво се присетува како своевремено, со Хиченс биле во исти политички ровови: „Морам да додадам дека кога Кристофер Хиченс беше скромниот Крис, заедно бевме другари во крајната левица.“ (Eagleton, 2009: 15).

Од друга страна пак, има личности кои сосема спротивно, од силни гласноговорници на новиот атеизам, откако ја увиделе неговата политичка агенда, станале негови силни противници, иако при тоа останале атеисти. Џ.Џ.

Верелман, на пример, од учесник и жесток говорник на атеистичките конференции, се претвора во нивни противник, пишувајќи книга со наслов The new Atheist Threat: The Dangerous Rise of Secular extremists. На слични позиции дека Новиот атеизам е своевиден „секуларен фундаментализам" е и Крис Хеџис. За нив, новите атеисти прават култ од религијата, преку наивно поедноставување на религијата, а веројатно сѐ со цел да се оцрни Исламот, од што бенефит ќе има американскиот империјализам. Канадскиот социолог Ле Дру пак, се обидува да ја побие главната теза на Новиот атеизам, која некритички се претпоставува – дека секуларизмот е либерален и прогресивен (Le Drew, 2015), следствено дека религијата е за глупаци.

Така, неретко во книгите на „четирите јавачи", ќе сретнете изјави од типот на оваа на Сем Харис: „теологијата е гранка на човековото незнаење. Всушност, тоа е незнаење со крилја" (Harris, 2005: 175); И тоа незнаење мора да се разобличи, според нив. Затоа им се потребни „научни" поткрепи на невозможноста на религијата, за оттука, на „научна" основа, критиката кон религијата да изгледа и делува „основана". За нив, верувањето е израз на ненаучна свест, на рудиментирана, необразована свест и личност. Тие што веруваат – да бидам директен и вулгарен – веднаш се прогласуваат за глупи. Овој редукционизам не гледа дека религиозното е полислојно, дека е испреплетено и суштински дел од многу апсекти на човековиот личен и општествен живот. Религиозното функционира на многу нивоа: етичко, естетско, политичко, морално, културно, социјално, историско, идентитетско, економско... Редуцирајќи го религиозниот феномен, правејќи го еднодимензионален, тие се однесуваат исто така глупо и неписмено, како и верниците што за тоа ги обвинуваат.

За да изгледа уверливо нивната „научна критика", тие го вовлекуваат религиозното на емпириски терен и ја „докажуваат" неговата бесмисленост. Затоа, ќе забележиме дека голем дел од својата критика на религиозното имаат посветено на исмевање на религиозните извори, преку „научна" анализа на истите и пронаоѓање на „бесмислиците" во нив (како на пример: како Ное можел да ги собере сите животни во една арка!?). Нејсе што се анализира еден феномен со алатките на друг феномен, туку тој феномен – религискиот, неосновано се префрла на нивен терен за таму да се порази. Небаре светите книги се учебници по физика, па сега од аспект на физиката ќе се наоѓаат научните недоследности и фактографски грешки во нив. Сето ова е само суптилен начин да се покаже дека верниците се неписмени, лековерни и глупи, што покрај денешните научни достигнувања тие сеуште веруваат во такви глупости, како таа дека е возможно Ное да ги собрал сите видови на еден чамец!?

А од друга страна, не ја гледаат „гредата во сопственото око“, т.е. не увидуваат како голем дел од нивната критика е методолошки и логички некоректна. Ричард Докинс, на пример, во The God Delusion, скоро на секоја страна тврди „God almost certainly does not exist“, а четвртото поглавје целосно е посветено на обидот да докаже дека Бог не постои, а се разбира, претпазливо е насловено како „Why There Almost Certainly is no God“, дури триумфално заклучува дека религиозната верба е илузија, т.е. „фиксирано лажно верување.“ При тоа, чудно за научник, не увидува дека оваа пропозиција „лажно верување“ е contradictio in adjecto. Имено, својствата „лажно“ и „вистинито“ не можат да се аплицираат на емотивната и волевата сфера. Лажни или вистинити, согласни со фактите, емпиријата, експериментот, може да бидат само научните пропозиции, оние кои по својата природа се подложни на верификација или фалсификација (Попер). Вербата не може да биде предмет ниту на верификација, ниту на фалсификација – да, токму заради тоа што таа е ненаучна во смисла на емириска. Не може вистината и лагата, кои се епистемолошки категории и како такви припаѓаат на когнитивната сфера, да се аплицираат на конотивната и афективната човекова компонента, каде припаѓа верата. Верата не е ниту вистинита, ниту лажна, т.е. вистинитоста или лажноста на „верските пропоиции“ не произлегуваат од нивната афирмација или негација низ научен експеримент. Неразбирајќи го ова, мешајќи ги сферите, овие атеисти си дозволуваат од сопствената епистемолошка позиција религијата да ја прогласат за лага и измама, верниците за измамени глупаци, а тие за супериорни просветлени што имаат право да просветлуваат, и се разбира во име на тоа просветителство – да бомбардираат на Блискиот Исток.

Како атеизмот заврши во ваков конзервативен ќорсокак? Прво, заради тоа што, согласно духот на времето, со гадната вода, го исфрли и детето. Имено, времево никако не сака да прифати дека човекот навистина не е само темпорално суштество. Дека човекот има потреба од апсолутот! Човек или ќе верува во Апсолутот, или ќе го апсолутизира релативното. Новите атеисти се решија за последново. Со тоа, науката ни стана новиот апсолут. Но, да не се разбереме погрешно – не постои денеска нормален човек кој не ги признава успесите на науката и научното познание. Вклучително и авторот на овие редови. Разликата е во тоа што апсолутизирајќи ја, науката станува деспот кој ја **конзервира** постојната состојба. Вклучително и општествено-политичката. И од алатка на прогресот, лесно се претвора во алатка на конзервативизмот, редукционизмот, а со тоа и на тортурата. Теизмот, сам по себе никогаш не е извор на војни и конфликти, туку економската нееднаквост, сиромаштијата и интересите на оние 1% во кои е сето светско богатство, а кои Новите атеисти ги бранат со својата идеологија. Во ниту една теорија на конфликтите и војните, нема да можете да ја најдете религијата како причина или повод за војна. Така, ќе сретнете политички, економски, демографски, територијални, па и психолошки

теории за војната и конфликтите воопшто, но не и религиозна. Тоа секако им беше познато на „старите и добри“ атеисти, вистинските, левичарите кои знаеја многу добро каде лежи проблемот и на силната религиозност, но и на силната нова идеологија – атеизмот: во економската нееднаквост и експлоатацијата.

Затоа атеистот Маркс на пример, никогаш не се грижел околу тоа да докаже дека Бог не постои, како што тоа го сакаат Новите атеисти. Тие ги впрегнале сите свои интелектуални, волеви, па и емотивни капацитети, да докажат нешто што не е предмет ниту на докажување ниту на побивање. Она што сакал Маркс, е да изгради свет во кој религијата нема да биде опиум за народот. Значи, свет во кој Бог нема да се користи како изговор за класните разлики, страдањата, неправдите, манипулациите, војните, разрушувањата, додека вистинските причини за тие страданија лежат на друго место а – убаво знаел Маркс – многу вешто се прикриваат. „Укинувањето на религијата како илузорна среќа на луѓето е всушност барање за нивна вистинска среќа. Барањето да се откажат од илузијата, всушност е барање да се поништат условите што водат до таквите илузии“ – велеше Маркс уште 1843 година, и продолжува уште поилустративно: „Затоа, критиката на рајот треба да се претвори во критика на Земјата, критиката на религијата во критика на законите, а критиката на теологијата во критика на политиката.“ (Marx, 1970). Ете, тоа е единствениот пат, единствената перспектива од која треба и мора да се критикува религијата.

Марксовата дијагноза може да се види тестирана во една понова хипотеза поставена од Пипа Норис и Роналд Инглехарт во книгата Sacred and Secular: Religion and Politics Worldwide[4] кои ја воспоставуваат т.н. „хипотеза за егзистенцијална сигурност“ (Existential Security Hypothesis), според која нивото на религиозност опаѓа во земји во која е осигурана економската егзистенција на поединците. Поточно, воспоставена е обратно пропорцијална релација помеѓу егзистенцијалната сигурност и религиозната вера: како што егзистенцијалната сигурност расте, така нивото на религиозност опаѓа. Ние овде немаме простор да ја следиме детално оваа хипотеза која предизвика навистина плодна дебата во академските кругови, што доведе неодамна авторите да напишат одговор на критиките во статијата: Are high levels of existential security conducive to secularization? A response to our critics[5] презентирана на годишна конференција во Чикаго. Во неа се одговара на

[4] Pippa Norris and Ronald Inglehard, *Sacred and Secular: Religion and Politics Worldwide*, Cambridge, Cambridge University Press, 2004

[5] Pippa Norris, Ronald Inglehart Paper for Mid-West Political Science Association annual meeting, Chicago, April 22, 2010. Достапно онлајн на сајтот на Универзитетот Харвард: https://www.hks.harvard.edu/fs/pnorris/Acrobat/MPSA%202010%20Existential%20Security%20and%20Secularization.pdf

најголемиот предизвик на оваа теорија, а тоа е примерот со САД – економски најразвиена држава во која сепак процентот на религиозност е особено висок. И покрај крајно економизираната теорија на авторите и нивниот либерален пристап, сепак јасна е релацијата помеѓу „материјалната база“ и „надградбата.“

И покрај ова, денешниве нови атеисти како да не ги препознаваат тие вистински причини за страдањата (или не сакаат да ги препознаат и признаат) и истите целосно им ги препишуваат на религиите. И тоа, особено на Исламот. За Хиченс, на пример, проблемите на Блискиот Исток, произлегуваат од „простоќата“ (намерно вулгаризирам), на религијата како таква. Заедно со Стивен Шварц дури го сковаа и неологизмот „исламофашизам“, или како што Хиченс милува да го нарекува: „фашизам со исламско лице“ (Hitchens, 2009). (Иако не се либи да го поврзе со фашизмот и христијанството). Исламофобијата што ја шират, оди до таму, што Сем Харис заговара и „бенигна диктатура“кон земјите од Блискиот Исток од страна на развиените и „напредни“ секуларни западни земји, додека првиве не се опаметат и не ја отфрлат религијата како извор на сето зло што ги задесило и нив, но и светот. Се разбира, тоа му изгледало премногу дури и за негов вкус, но сепак, „изгледа дека немаме алтернатива“ (Harris, 2005: 151).

Овие луѓе не гледаат дека религијата на напатените Арапи им е последното и единственото прибежиште од нивните, западни – на научната цивилизација на која припаѓа и Хиченс - империјалистички бомби. Што ќе рече, од каде ги тепаат, па ниту им даваат да плачат. Дури и ако ја прифатиме тезата на новите атеисти – дека религија е за идиоти – сепак, не можеме да не забележиме дека „идиотизмот“ на Блискиот Исток не е резултат на религијата, ами на бомбите кои на тој дел од светот не му даваат мир да се развива нормално. Религијата за овие луѓе е само нивна последна и единствена утеха и надеж. Која тие сакаат да им ја одземат, згора.

И одеднаш гледаме, како атеизмот од прогресивен, левичарски, се претвори во конзервативна алатка на новата десница и воопшто неолиберализмот и империјализмот. Одеднаш атеизмот стана првенец во неоколонијалистичката логика. Интересна преобразба, зарем не!? Ако нешто под итно треба да направат атеистите, тоа е да го вратат атеизмот таму каде што припаѓа – на лево (иако и тоа „лево“, според мене никако не го исклучува религиозното, но тоа е друга тема, за друга прилика). Во спротивно само ќе бидат исти апологети и конзерватори на актуелниот поредок кој раѓа нееднаквости и страдања, додека за цело време вешто ќе манипулираат со впреување на прстот во погрешен виновник – исламот и религијата воопшто. Виновникот лежи на друго место, религијата е само изговор.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


Dawkins, Richard (2006) The God Delusion. Boston and New York: Houghton Mifflin.

Berlinski, David (2008) The Devil's Delusion: Atheism and its Scientific Pretensions. New York: Crown Forum.

Dawkins, Richard (1989) The Selfish Gene. New York: Oxford University Press.

Dennett, C., Daniel (2006) Breaking the Spell: Religion as a Natural Phenomenon. New York: Penguin Books.

Eagleton, Terry (2009) Reason, Faith and Revolution: Reflection on God Debate. New Haven and London: Yale University Press.

Habermas, Jürgen (2008) Between Naturalism and Religion, Malden, MA: Polity.

Harris, Sam (2005) The end of faith: Religion, Terror and the Future of Reason. New York and London: W.W. Norton & Company.

Hitchens, Christopher (2009) God Is Not Great: The Case Against Religion. New York: Twelve Books

Hedges, Chris (2009) When atheism becomes religion. New York: Simon and Shuster.

Hoking, Stephen and Mlodinov, Leonard (2010) The Grand Design. New York: Bantam Books.

Jones, James (2016) Can Science Explain Religion?: The Cognitive Science Debate, New York: Oxford University Press

LeDrew, Stephen (2015) The Evolution of Atheism: The Politics of a Modern Movement. New York: Oxford University Press.

Marx, Karl (1970) Critique of Hegel`s Philosophy of Right. Cambridge: Cambridge University Press.

Numbers, Ronald, L. and Kampourakis, Kostas, ed. (2015) Newton's Apple and Other Myths about Science. Massachusetts and London: Harvard University Press.

Norris, Pippa, Ronald Inglehard (2004) Sacred and Secular: Religion and Politics Worldwide. Cambridge: Cambridge University Press.

Gould Jay, Stephen (2002) The Rock of Ages: Science and Religion in the Fullness of Life. New York: Ballantine Books.

Werleman, C.J. (2015) The New Atheist Threat: The Dangerous Rise of Secular Extremists London Dangerous Little Books,

White, Curtis (2013) The Science Delusion: Asking the Big Questions in a Culture of Easy Answers. Brooklyn and London: Melville House.